Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневни настани 07.11.2024

На 06.11.2024 во 21.10 и 21.30 часот во близина на с.Костурник, кумановско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот при Регионалниот центар за гранични работи Север ги лишиле од слобода И.Н.(32) од с.Крушопек, скопско и Г.П. (50) од Велес поради сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". Претходно, околу 19.15 часот во близина на с.Табановце, кумановско, на автопатот „Пријателство", полициски службеници ги забележале лицата како во патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал И.Н., а Г.П. бил сопатник, сместувале три женски лица мигранти од Непал. Притоа, тие не застанале на знак за запирање даден од полициските службеници, а откако биле употребени средства за присилно запирање на возилото го напуштиле возилото. Веднаш потоа мигрантите биле пронајдени и биле сместени во Транзитниот центар Табановце, а по преземени мерки биле пронајдени и лишени од слобода и ИН. и Г.П.. Лицата биле задржани во полициска станица и за настанот бил известен надлежен јавен обвинител. По извршени проверки било утврдено дека И.Н. бил баран по потерница врз основа на наредба од Казнено – поправната установа Затвор Идризово поради бегство од затворот каде што издржувал шестгодишна затворска казна за сторено кривично дело „криумчарење мигранти" по член 418 Б од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот, против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.11.2024 во 23.30 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Ѓ.А.(41) од Струмица веднаш по извршување кражба во тобако во Струмица, од каде што одзел чанта со пари и лични документи. Кај него била пронајдена чантата и била вратена на оштетената. По извршени проверки било утврдено дека лицето било барано по потерница за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело „тешка кражба", по што било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струмица за издржување на казната. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 06.11.2024 во 23.50 часот кај место викано Заунска крстосница, гостиварско, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода Л.Ј.(20) од Гостивар. Претходно, тој во неколку наврати не застанал на знак за запирање даден од полициски службеници, а преед влезот на Гостивар од возилото „мерцедес" со гостиварски регистарски ознаки, кое го управувал, фрлил автоматска пушка со рамка во која имало два куршуми, која била пронајдена и одземена. Тој е задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 07.11.2024 во 00.15 часот на патот Прилеп – Дервен, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Г.К.(52), Г.О.Ч.(21), К.Б.(22) и К.Г.(52), сите од Република Турција, со престој во Прилеп, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 21.00 часот во населба Баир во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода З.Б.(35) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 22.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода М.К.(22) од с.Бардовци, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 23.50 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, ги лишиле од слобода Б.А.(37) и Т.М.(43), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени прашкаста материја и нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 21.20 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.П.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 20.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.А.(23) од Гостивар затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 17.00 часот во с.Волково, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.В.(42) од с.Ново Село, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја и дигитална вага. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 21.40 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Г.С.(31) од Штип затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 11.28 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп-Крушево, кај место викано „Бегова ливада", патничко возило „опел" со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(59) од Прилеп излетало надвор од коловозот. Од здобијените повреди на местото починал возачот, а смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош. Извршен бил увид од јавен обвинител и увидна екипа од ОВР Прилеп.

На 06.11.2024 во 19.25 часот во Полициската станица Гази Баба, С.А.(28) од Скопје пријавила дека на ул.„Финска" во Скопје била касната од куче скитник.

На 06.11.2024 во 17.30 часот во Полициската станица Гази Баба, В.Т.(46) од Скопје пријавил дека во Идризово, скопско, бил каснат од куче скитник.

Денеска (07.11.2024) во 13.50 часот на ул.„Веле Марков" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(60) во Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор од три години за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (07.11.2024) во 03.40 часот во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Љ.Л.(21) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека во семејниот дом на подрачјето на Кисела Вода физичка ја нападнал својата 19-годишна сопруга, при што постапил спротивно на Решението за привремени мерки за заштита од семејно насилство. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 15.02 часот во СВР Скопје, 38 – годишна жена од Косово пријавила дека на 02.11.2024 околу 18.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, додека била со нејзин приател, поради претходно нерасчистени должничко - доверителски односи, била физичкиот нападната од нејзиниот поранешен партнер Б.С. од Скопје и неколку други лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.11.2024 во 14.50 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од ЕВР Кисела Вода го лишиле од слобода А.Ѓ.(46) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека одзел патничко возило „фолксваген поло" со битолски регистарски ознаки, сопственост на В.Т.(58) од Битола, во кое имало пари, мобилни телефони и други предмети. Возилото било пронајдено и ќе биде вратено на сопственичката. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 06.11.2024 во 15.10 часот во СВР Скопје, Д.Н.(38) од Скопје пријавил дека околу 12.30 часот, за време на час во основно училиште на подрачјето на Горче Петров, неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг ученик. За настанот бил запознат Јавен обвинител и се преземаат мерки за негово расчистување.

На 07.11.2024 во 01.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Трета македонска бригада" во Скопје настанал пожар во хангар сопственост на „Македонски железници" во кој имало неисправни стари вагони и локомотиви. Во 03.30 часот пожарот бил локализиран од екипа на Бригата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пожарот повторно се активирал, а во текот на денот бил изгаснат.

На 06.11.2024 во 20.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продавен објект на подрачјето на Центар, едно лице со употреба на сила кон вработената одзело пари од прометот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.11.2024 во 08.20 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, на излез од државата, полициски службеници го привеле Х.Д.С.(66) од САД затоа што при извршена контрола и проверка било констатирано дека го прекинал дозволениот туристички престој. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Скопје за понатамошна постапка.

На 06.11.2024 околу 18.00 часот на ул.„Маршал Тито" во Богданци, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија пронашле три лица мигранти од Палестина, од кои двајца малолетници. Мигрантите биле пренесени во транзитен центар во Гевгелија.

На 06.11.2024 во 16.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во подрумски простории од зграда на подрачјето на Горче Петров настанал пожар во патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.Ш.(34) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат. Увид бил извршен.

На 06.11.2024 во 15.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во својот дом на подрачјето на општина Аеродром во Скопје бил пронајден починат Ј.М.(51) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.11.2024 во 17.28 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, А.Р.(48) од Скопје пријавил дека од семејниот дом се оддалечила неговата жена Ш.Р.(17) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 06.11.2024 во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Здравствена установа на подрачјето на Карпош се оддалечил Д.С.(34) од Неготино, кој претходно бил хоспитализиран во установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 06.11.2024 во 10.00 часот во СВР Тетово, С.Р.(36) од с.Боговиње, тетовско, пријавил дека на улица „146" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 06.11.2024 во 12.15 часот во Полициска станица Велес, Н.Д.(32) од Велес пријавил дека на улица „Благој Страчковски" во Велес бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(42) од с.Боговиње, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 05.06.2024 во двор на основно училиште во с.Боговиње, пријавениот физички нападнал малолетник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Г.Г.(47) од Делчево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 20.07.2024, пријавениот физички ја нападнал поранешната сопруга и ѝ нанел повреди.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Ѓ.М.(33) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 20.10.2024, пријавениот упатувал закани кон полициски службеник кој преземал службени дејствија.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Р.П.(52) од Чешиново поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранација". На 28.10.2024 на ул. „Маршал Тито" во с.Чешиново, по кратка расправија, пријавениот се обидел да го нападне Б.Б. со остар предмет.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Струга, поднесе кривична пријава против Ѳ.С.(50) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење на службени работи од областа на безбедноста". На 24.10.2024 во адвокатска канцеларија во с.Лабуништа, струшко, пријавениот физички го нападнал вработениот Ш.С., при што употребил и остар предмет.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице од Тетово и Ј.С.(41) од Тетово, сопственик на правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 02.05.2024, пријавените склучиле писмен договор со едно лице во кој било наведено дека пријавениот е должен да изработи и монтира ентериер во вредност од 5.400 евра, додека нарачателот претходно треба да плати 50% од сумата. Лицето ја исплатило сумата по договорот, но пријавениот не го исполнил склучениот договор.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.И.(28) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 01.08.2024 на наплатна рампа Тетово - Гостивар, при сообраќајна контрола, на полициските службеници пријавениот им приложил фалсификувана возачка дозвола.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Д.Ш.(37) од Берово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „мачење на животни". На 11.10.2024, пријавениот со воздушна пушка пукал во куче сопственост на Д.К..

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.О.(42) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без соодветната лиценца". На 17.10.2024 на регионален пат Тетово-Попова Шапка, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.Ш.(33) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без соодветната лиценца". На 17.10.2024 на регионален пат Тетово-Попова Шапка, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „цитроен", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.У.(64) од с.Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без соодветната лиценца". На 14.10.2024 во Гостивар, полициски службеници извршиле контрола на товарно возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет